**МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**
**Фонд за научноистражувачки и уметнички дејности**

**ПРОЕКТНА СОРАБОТКА МАНУ-САНУ**

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

**Образец ОБ-2а**

| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:** | **ПРОЦЕНА НА ПРЕДУСЛОВИТЕ ЗА ТУРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО РУРАЛНИТЕ НАПУШТЕНИ ПРОСТОРИ - КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА** |
| **РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ:** | **АКАД. ВЛАДО МАТЕВСКИ** |
| **ТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **од: 01. 07. 2018 до: 31. 12. 2020** |
| **БРОЈ НА ДОГОВОР:** | **07-1521/1 од: 28. 05. 2018** |
| **ИЗВЕШТАЈНА ГОДИНА:** | **2018-2020** |

**ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ: 30.11.2020**

## 1. УЧЕСНИЦИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВО ПЕРИОДОТ 2018-2020 ГОДИНА:

### СОРАБОТНИЦИ-ИСТРАЖУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

1. Акад. Владо Матевски, Македонска Академија на Науките и Уметностите на Република Северна Македонија (раководител на проектот)

2. д-р Билјана Петревска, редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика (координатор на проектот)

3. д-р Никола Димитров, редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

4. д-р Петар Намичев, редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Ликовна академија

### СОРАБОТНИЦИ-ИСТРАЖУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ ОД СРБИЈА:

1. д-р Александра Терзиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ (раководител на проектот)

2. д-р Марија Дробњаковиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

3. д-р Марко Петровиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

4. д-р Злата Вуксановниќ Мацура, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

5. мср (мастер) Марко Филиповиќ, истражувач соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ

6. д-р Дуња Демировиќ, научен соработник, Географски институт „Јован Цвијиќ“ – Белград, САНУ.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2020 ГОДИНА:

Табела 1. Збирен приказ на проектни активности за периодот 01.07.2018-31.12.2020

| Р. бр. | Активност | Опис | Време |
|---|---|---|---|
| 1 | Иницијално теренско истражување - обиколка на рурални простори | - Охридски регион<br>- Мавровско-Дебарски регион<br>- Скопска котлина (Катлановски регион)<br>- Велешки регион – Чашка<br>- Пробиштипски регион<br>- Кривопаланечки регион<br>- Битолски регион<br>- Демирхисарско<br>- Преспански регион<br>- Гевгелиски регион | 11-13.10.2018<br>19-21.10.2018<br>24.11.2018<br>24.03.2019<br>17.04.2019<br>25.05.2019<br>08.06.2019<br>11.06.2019<br>22.06.2019<br>02.11.2019 |
| 2 | Учество на меѓународни конференции | - Лозница, Тршиќ (Србија) во организација на Географскиот институт „Јован Цвијиќ“, САНУ.<br>- Десетта научно-стручна конференција со меѓународно учество „Културното наследство – ризици и перспективи“, Белград, Србија. | 29-30.10.2018<br><br><br>27.05.2019 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Четврта меѓународна конференција "TISC 2019", Врњачка Бања, Србија.<br>- Четврта меѓународна конференција „Geobalcanica 2019", Софија, Бугарија.<br>- Втора меѓународна конференција "ISCTBL 2019", Штип, Северна Македонија.<br>- Меѓународен симпозиум „New Tourism Trends", Охрид, Северна Македонија.<br>- "ESPERA 2019", Букурешт, Романија.<br>- 6-та меѓународна конференција „GEOBALCANICA 2020", Охрид, Северна Македонија (он-лајн).<br>- 15-та меѓународна конференција „INSCOSES 2020",Охрид, Северна Македонија (он-лајн) | 30.05-01.06.2019<br>14-15.06.2019<br>13.09.2019<br>03-04.10.2019<br>10-11.10.2019<br>12.05.2020<br>11.09.2020 |
| 3 | Работни состаноци | Средба 1 во Географскиот институт „Јован Цвијиќ", САНУ, Белград со цел усогласување на методологијата за истражување<br>Средба 2 во Факултетот за туризам и бизнис логистика, УГД-Штип со цел усогласување на концептот за студијата<br>Средба 3 во Географскиот институт „Јован Цвијиќ", САНУ, Белград со цел презентирање на собраниот материјал | 09.11.2018<br>06.12.2018<br>25-26.10.2019 |
| 4 | Објавење трудови во меѓународни публикации | Трудови / поглавја од книги | јули 2018 – ноември 2020 |

**Детален опис на реализираните активности согласно табела 1**

**2.1. Иницијално теренско истражување - обиколка на рурални простори**

Тим од истражувачи-професори од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, реализираа 10 теренски истражувања низ сите осум статистички региони во земјата притшто се посетени 51 село. Целта беше обиколка на руралните средини и иницијална проценка на можностите за обавување туристички активности.

Првото теренско истражување се реализира на 11-13.10.2018 година во Охридскиот регион. Поконкретно, посетени беа селата: Куратица, Брежани и Велмеј. По обиколката на терен, согласно критериумите за мапирање на потенцијални локации за проценка на предусловите за туристички активности, заклучено е дека генерално селото Куратица може да биде предложено за понатамошна подетална анализа со цел да биде идентификувано како самостојна дестинација. Од друга страна, селата Велмеј и Брежани имаат одреден потенцијал, но само под услов да се разгледуваат како дестинација составена од група од две села.

Второто теренско истражување се реализира на 19-21.10.2018 година во Мавровско-Дебарскиот регион. Поконкретно, посетени беа селата: Никифорово, Леуново, Јанче, Гари и Тресонче. По обиколката на терен, заклучено е дека Јанче, Гари и Тресонче може да бидат идентификувани како една дестинација (група села) за понатамошна анализа. Иако беше оставен простор селата Селце и Росоки (во непосредна близина на Тресонче) да бидат дополнително посетени и истражени, тоа не беше направено поради ограничените ресурси.

Третото теренско истражување се реализира на 24.11.2018 година во повеќе населени места во Скопската котлина (Катлановски регион). Поконкретно, беа посетени селата: Блаце, Бадар, Кожле, Ржаничино, Долно Коњаре и Средно Коњаре. Беше заклучено дека со исклучок на Блаце, сите останати села не ги исполнуваат дефинираните критериуми за избор во локација за понатамошна анализа.

Четвртото теренско истражување се реализира на 24.03.2019 година во Велешкиот регион (општина Чашка). Поконкретно, посетени беа селата: Папрадиште, Орешани и Нежилово. По обиколката на терен, согласно критериумите за мапирање на потенцијални локации за проценка на предусловите за туристички активности, заклучено е дека генерално сите посетени села може да бидат идентификувани како една целина и туристичка дестинација.

Петтото теренско истражување се реализира на 17.04.2019 година во Пробиштипскиот регион. Поконкретно, посетени беа селата: Пуздерци, Древено и Лесново. Иако беше заклучено дека е потребна дополнителна анализа на Пуздерци и Древено со цел да бидат идентификувани заедно со Лесново како една дестинација (група села), сепак поради ограниченост на ресурси, овие села не се дополнително истражени.

Шестото тренско истражување се реализира на 25.05.2019 година во повеќе населени места во Кривопаланечкиот регион. Поконкретно, посетени беа селата: Б'с, Варовиште, Габар и Дурачка Река. По обиколката на терен, заклучено е дека селата Б'с и Варовиште може да бидат идентификувани како заедничка потенцијална туристичка дестинација поради близината на Лесновскиот манастир кој е веќе туристички валоризиран.

Седмото теренско истражување се реализира на 08.06.2019 година во повеќе населени места во Битолскиот регион. Поконкретно, беа посетени селата: Крстоар, Орехово, Велушина, Драгош, Брусник, Ротино, Горно Српци, Маловишта и Ѓавато. По обиколката на терен заклучено е селата имаат ограничен потенцијал да прераснат во туристичка дестинација, па затоа не се вклучени во понатамошната детална анализа.

Осмото теренско истражување се реализира на 11.06.2019 година во повеќе населени места во Демирхисарско. Поконкретно, беа посетени селата: Слоештица, Вирово, Мренога, Бабино, Доленци, Брезово, Железнец, Големо Илино и Велмевци. Иако е заклучено дека генерално сите села можат да бидат идентификувани како потенцијална туристичка дестинација во микро областа Горен Демир Хисар, сепак само 3 се вклучени во деталната анализа.

Деветтото теренско истражување се реализира на 22.06.2019 година кога беа посетени следните села во Преспанскиот регион: Раица, Курбиново, Сливница, Брајчино, Претор и Асамати. По обиколката на терен заклучено е дека дел од селата може да се разгледуваат како заедничка потенцијана туристичка дестинација (првенствено поради близината на туристичката езерски населба Претор и црквата Св. Ѓорѓи над село Курбиново). Сепак, поради ограниченоста на ресурсите, не беа предмет на понатамоѓна детална анализа.

Десеттото теренско истражување се реализира на 02.11.2019 година кога беа посетени селата Хума, Конско и Семенин во Гевгелиските регион. По обиколката на терен заклучено е дека трите села имаат потенцијал да бидат идентификувани како заедничка туристичка дестинација, посебно поради близината на Ски центарот „Кожуф" и туристичкото место Смрдлива Вода.

Како резултат на теренските истражувања прибрани се податоци за:

- Природни мотиви на селскиот атар (краток опис на теренот, планина, шума, чиста средина, видиковци, вид шума, интересни геоморфолошки облици - карпи, пештера, извор, река и сл);
- Етноамбиентални и други посебности (архитектура, фолклор, традиција, храна-вино, селска слава, манифестација и сл.);
- Антропогени мотиви (археолошки локалитети, верски објекти, споменици, манифестации и сл.);
- Објекти/лица вклучени во туристички активности (бифе, ресторан, воденица, училиште, спомен обележје и сл.);

- Комуникативно-рецептивни мотиви (Инфраструктурна опременост: пат, водовод, канализација, телекомуникациска покриеност, приватни соби, хотел, ресторан и сл.); и
- Можности за туристички активности (пешачење низ селскиот атар, планинарење, велосипедизам, јавање со коњ, магаре, други специфики).

**2.2. Учество на меѓународни конференции во земјата и странство**

Во периодот 2018-2020 година, учествувано е на девет меѓународни конференции во земјата и странство со цел презентирање научно-стручни трудови со резултати од проектното истражување. Притоа, презентирани се 13 труда, и тоа: 8 труда се презентирани со усна презентација со физичко присуство на конференцијата, 2 труда се презентирани со постер презентација, и 3 труда се презентирани онлајн на виртуелна конференција).

**2.3. Работни состаноци**

Во периодот од ноември 2018 година до октомври 2020 година, одржани се три работни средби со колегите од Српскиот тим, од кои две во Географскиот институт „Јован Цвијиќ", САНУ, Белград и една во Факултетот за туризам и бизнис, УГД-Штип, со цел усогласување на методологијата за истражување, презентирање на собраниот материјал и усогласување на концептот за студијата.

**2.4. Објавење трудови во меѓународни публикации**

Во периодот од јули 2018 година до ноември 2020 година, објавени се 5 труда (од кои еден е прифатен и чека пагинација), и 2 поглавја во книги (од кои едно е прифатено и чека пагинација).

## 3. ОБЈАВЕНИ РЕЗУЛТАТИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО (Во прилог да се достави список):

**а) Објавени научни трудови:**

**во земјата:** **3**

**во странство:** **4**

**б) Трудови презентирани на научни собири:**

**во земјата:** **5**

**во странство:** **8**

## 4. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ОСТВАРЕНА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВО ПЕРИОДОТ 2018-2020 ГОДИНА:

Во периодот на проектната активност (2018-2020 година), одржани се три работни средби со колегите од Српскиот тим со цел размена на искуства, усогласување на ставови и презентирање на работен материјал. Притоа, две средби се одржаа во Географскиот институт „Јован Цвијиќ", САНУ, Белград (ноември 2018 година и октомври 2019 година), а една во Факултетот за туризам и бизнис, УГД-Штип (декември 2018 година). Поради пандемијата со Ковид-19 во текот на 2020 година планираните работни средби се заменија со онлајн состаноци.

**6. КУСА СОДРЖИНА НА ПЛАНОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ВО СЛЕДНАТА ИСТРАЖУВАЧКА ГОДИНА:**

Резултатите од проектното истражување ќе бидат објавени како Студија (книга-збирка на поглавја) „Туризмот како перспектива за ретко населените рурални простори во Република Северна Македонија и во регионот на Јужна и Источна Србија“ (Уредници: Билјана Петревска и Александра Терзиќ) (автори на поглавја: Билјана Петревска, Александра Терзиќ, Никола Димитров, Марија Дробњаковиќ, Петар Намичев, Злата Вуксановиќ-Мацура и Милован Миливојевиќ). Студијата е во Планот за издавачка дејност на МАНУ за 2022 година.

**ПРИЛОГ: СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ РЕЗУЛТАТИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

1. *Namicev, P.,* Vuksanovic-Macura, Z. & *Petrevska, B.* (2018). Vernacular architecture in Macedonia and Serbia: a comparative study. Proceedings of the International conference „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography”, Loznica, Serbia, 29-30.10.2018, 243-252.
2. *Dimitrov, N.* (2018). The territory of the Republic of Macedonia in the book Balkan Peninsula and the South Slavic lands of Jovan Cvijic (1918-2018). Proceedings of the International conference „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography”, Loznica, Serbia, 29-30.10.2018, 17-27.
3. Terzic, A., *Angjelkova Petkova, T.* & Petrovic, M. (2018). Cvijic’s civilization zones, longitudinal and transversal routes as a base of contemporary cultural routes. Proceedings of the International conference „The Balkan Peninsula of Jovan Cvijic: Historical background and contemporary trends in human geography”, Loznica, Serbia, 29-30.10.2018, 71-84.
4. Terzić, A., Petrevska, B., & Petrović, M. (2019). Evaluation methods for sustainable rural tourism development: Issues to be addressed. *Agrieconomica,* 48(84), 55-64.
5. Dimitrov, N. & Petrevska, B. (2019). Challenges for rural tourism development in North Macedonia. *Journal of Applied Economics and Business,* 7(4), 42-50.
6. Terzić, A., Dimitrov, N. & Petrevska, B. (2019). Turistička valorizacija tradicionalnih ruralnih celina: rizici i mogućnosti u Srbiji i Makedoniji. Zbornik radova, X naučno-stručna konferencija s međunarodnim učešćem "Kulturno nasleđe-rizici i perspektive", 27. maj 2019, Beograd, Srbija, 199-209.
7. Petrevska, B. & Popovski, R. (2019). Schumann resonance: new aspects for tourism development. Conference proceedings from the 4th International Scientific Conference “TISC 2019”, Vrnjacka Banja, Serbia, 31.05-01.06.2019, 705-722.
8. Dimitrov, N. & Terzić, A. (2019). Valorization of the factors for development of rural tourism in the Municipality of Debarca, Republic of Macedonia“. Conference proceedings from the 4$^{th}$ International Scientific Conference “TISC 2019“, Vrnjačka Banja, Serbia, 30.05-01.06.2019, 136-152.
9. Petrevska, B., Dimitrov. N. & Terzić, A. (2019). Rural areas in Macedonia as tourism supply: Problem or a challenge?. Conference proceedings from the Fourth International conference “Geobalcanica 2019”, 15-16.06.2019, Sofia, Bulgaria, 513-518 (постер презентација).

10. Dimitrov, N., Petrevska, B. & Terzić, A. (2019). Rural tourism in the space of NP "Pelister": the case of "Eight Pelister villages", Conference proceedings of the second international scientific conference ISCTBL 2019, Stip, North Macedonia, 13.09.2019, 267-277.
11. Dimitrov, N., Petrevska, B. & Terzić, A. (2019). Recommendations for tourism development of rural areas in North Macedonia. Proceedings of the International Symposium "New tourism trends", Macedonian Geographical Society, 03-04.10.2019, Ohrid, Macedonia, 307-316.
12. Petrevska, B., Terzić, A., & Drobnjaković, M. Fighting with depopulation of rural areas: Can tourism be a way out?. Во: Chivu, L., Ioan-Franc, V., & Andrei, J. (Eds), Proceedings of ESPERA 2019, Bucharest, Romania, 10-11.10.2019 (постер презентација).
13. Petrevska, B. & Dimitrov, N. (2020). Tourism potential of neglected small rural areas. Conference proceedings from the 6th International conference "Geobalcanica 2020", 12.05.2020, Ohrid, North Macedonia, 731-738 (он-лајн конференција).
14. Dimitrov, N. & Petrevska, B. (2020). Tourism activities in the depopulated rural areas: Assessment of selected villages in North Macedonia, Book of abstracts, 15th International Scientific Conference on Service Sector "INSCOSES 2020", Ohrid, North Macedonia, 11.09.2020 (он-лајн конференција).
15. Dimitrov, N. & Terzić, A. (2020). Natural resources and rural tourism: Evaluation of selected areas from North Macedonia and Serbia, Book of abstracts, 15th International Scientific Conference on Service Sector "INSCOSES 2020", Ohrid, North Macedonia, 11.09.2020 (он-лајн конференција).
16. Terzić, A., Drobnjaković, M., & Petrevska, B. (2020). Traditional Serbian countryside and second-home tourism perspectives. *European Countryside*, 12(3), 312-332.
17. Dimitrov, N., Terzić, A., & Petrevska, B. (2020). Rural capital in small villages: An analysis of selected rural areas in Eastern Serbia and North Macedonia. *Journal of Applied Economics and Business*, 8(1), 18-26.
18. Petrevska, B. New innovative tourism products for reanimating rural areas. *Acta Geobalcanica* (Труд прифатен за публикување до крајот на 2020 година).
19. Petrevska, B. & Terzić, A. (2020). Sustainable rural livelihoods: Can tourism related activities contribute? In: Vasile, A. J., Subic, J. Grubor, A., & Privitera, D. (Eds.) *Handbook of Research on Agricultural Policy, Rural Development, and Entrepreneurship in Contemporary Economies*, (pp. 354-377), IGI Global: Hershey PA, USA. (ISBN13: 9781522598398 ebook).
20. Terzić, A., & Petrevska, B. (2020). Transformation to seasonal villages: Second-home tourism as initiator of rural diversification. In: Marques, R., Melo, A. I., Natário, M. M. & Biscaia, R. (Eds.). *The Impact of Tourist Activities on Low-Density Territories: Evaluation Frameworks, Lessons, and Policy Recommendations,* in the book series "Tourism, Hospitality & Event Management", Springer (Поглавје во книга прифатено за публикување до крајот на 2020 година).